Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08 – 73/3
09-03-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-634 од 28.11.2022 година, поднесена од [redacted] и [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] Штип, [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] Кочани, [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] од [redacted] и [redacted] од [redacted] Скопје, сите лиценцирани тренери од КФРСМ, претставувани од [redacted] од [redacted] Скопје, за извршена дискриминација врз основа на личен и општествен статус – лиценцирани тренери од повеќе различни карате клубови од страна на Карате федерацијата на Република Северна Македонија во областа спорт, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр. 25/2020) на 07.03.2023 го донесе следново :

**ЗАКЛУЧОК ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ПОСТАПКА**

**Се запира** претставката за заштита од дискриминација, поднесена од [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] Штип, [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] Кочани, [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] од [redacted] Матејќе, [redacted] од [redacted] Скопје и [redacted] од [redacted] Скопје, сите лиценцирани тренери од КФРСМ, претставувани од [redacted] од [redacted] Скопје, за извршена дискриминација врз основа на личен и општествен статус – лиценцирани тренери од повеќе различни карате клубови од страна на Карате федерацијата на Република Северна Македонија во областа спорт, по барање на подносителите.

**Образложение**

На 28.11.2022 година, до Комисијата беше доставена претставката за заштита од дискриминација, бр. 08-634/1, поднесена од [redacted] од КК [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] Штип, [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] Скопје, Бошко Заборски од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted] Кочани, [redacted] од [redacted] Скопје, [redacted] од [redacted], [redacted] од [redacted] Скопје и [redacted] од [redacted] Скопје, сите лиценцирани тренери од КФРСМ, за извршена дискриминација врз основа на личен и општествен статус – лиценцирани тренери од повеќе различни карате клубови од страна на Карате федерацијата на Република Северна Македонија во областа спорт.

По барање на Комисијата, подносителите со допис бр. 08-634/2, на 19.12.2022 година доставија Овластување за застапување пред КСЗД, со кој го определија лицето [redacted] да ги претставува и застапува во текот на постапката за заштита од дискриминација.

Истиот ден, согласно член 24 став 7 од Законот, Комисијата достави Барање за произнесување по наводите содржани во претставката до Карате федерацијата на Република Северна Македонија, бр. 08-634/3.

На 13.01.2023 година, до архивата на Комисијата доставено е Произнесување по однос на наводи во претставка за спречување и заштита од дискриминација од страна на КФРСМ, нов арх.бр. 08-73/1, потпишано од претседатеелот на федерацијата, [redacted]. Во истиот, тие детално се произнесуваат за начинот на избор на селектори на државните репрезентации во карате за учество на Балканското првенсство за кадети, јуниори и помлади сениори У21што се одржа од 04 – 06.11.2022 година во Бар, Црна Гора, повикувајќи се на Правилникот за избор и работа на селекторите на државната репрезентација на КФРСМ од 20.07.2022 година.

На 06.03.2023 година, овластениот претставник на подносителите на претставката, Елвир Куртановиќ, достави допис потпишан од сите подносители, со кој ја повлекуваат претставката од понатамошно постапување, како што наведуваат, заради новонастанати околности.

Согласно член 27 став 7 од Законот, Комисијата носи заклучок за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето, како што е наведено во диспозитивот.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
2. Карате федерација на РСМ, Градски парк б.б. (Сала КК Работнички) 1000 Скопје
3. Архива на КСЗД